РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-318/1
01-06-2022 20__ год. / vit.
СКОПЈЕ - SHKUP

Здружение на граѓани Институт за добро управување и евроатлански перспективи
Бр. 0302-1/2022
1.06 2022 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на 01.06.2022 година, помеѓу:

1. Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), застапувана од претседателот на Комисијата, Кире Василев, од една страна и
2. Институт за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП), застапуван од претседателот на Институтот, Бојан Кордалов, од друга страна.

Со цел остварување на заедничките заложби за зајакнување на меѓусебната соработка со цел поддршка во напорите за справување со дискриминирачкиот говор и другите негативни појави во интернет просторот, а во насока на поддршка на активностите за спречување и заштита од дискриминација на граѓаните во Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи

се согласија за следното:

## Член 1

Поставување на рамка за меѓусебна соработка за преземање на заеднички координирани активности чија цел е промоцијата на заштитата и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани во Република Северна Македонија.

## Член 2

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката страните се согласни заеднички да стават фокус во остварување на следните активности:

- Заедничко застапување во јавноста на темата поврзана со борбата против дискриминирачки говор, дискриминацијата и другите негативни аспекти во интернет просторот, особено преку спроведување на заеднички медиумски активности, промотивни активности, кампањи и слично;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Креирање на поширока платформа на организации и други општествени чинители во процесот на изнаоѓање на успешни решенија, пракси, односно автентичен национален модел за ефикасно справување со дискриминирачкиот говор и другите негативни појави на интернет;

- Изнаоѓање на заедничка платформа за автоматизација на пријави поврзани со дискриминирачки говор на интернет до Комисијата и аплицирање за меѓународна поддршка за имплементација на таков софтвер/решение од поширок јавен интерес и примена;

" Планирање на поширoки заеднички организирани настани со цел подигнување на свеста на оваа тема, како и посочување на преземените чекори и резултати на Комисијата во борбата со дискриминирачки говор и дискриминацијата на интернет;

" Други заеднички активности поврзани со унапредување на борбата против дискриминирачки говор, дискриминацијата и другите негативни појави во дигиталниот интернет простор.

Член 3

Страните се согласија да назначат одговорни лица за олеснување на меѓусебната комуникација како и за спроведувањето на активностите кои се предмет на овој Меморандум.

Член 4

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации за Страните потписнички и ги почитуваат сите позитивни правни прописи, како и правилата воспоставени од страните потписнички.
Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен писмен договор помеѓу Страните потписнички.

Член 5

Страните се согласија во спроведувањето на активностите да се придржуваат до сопствените внатрешни правила за постапување и чување на информации и позитивните прописи од областа на заштитата на личните податоци, спречувањето и заштитата од дискриминација и класифицираните информации.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Член 6

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила додека не биде раскинат.

Меморандумот може да биде дополнет или изменет само со писмена согласност од Страните потписнички.

Секоја од Страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка, со оставање на рок од 30 дена.

Член 7

Секој спор кој ќе произлезе од спроведувањето на овој меморандум ќе се решава спогодбено помеѓу Страните потписнички.

Член 8

Овој меморандум е составен во два еднообразни примероци, од кои по еден за секој потписник.

| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | Институт за добро управување и евроатлантски перспективи |
|---|---|
| Претседател | Претседател |
| Кире Василев | Бојан Кордалов |


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk